С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 13 година XLIII

13 јули 2007

120.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за не усвојување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов“ Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Одлуката за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов“ Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2007 година.

Број 0801-3113/1
13.07.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес

1.Советот на Општина Велес не ја усвои Одлуката за измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3099/2
11.07.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

121.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за прогласување на 2008 година за Година на Рацин

Се објавува Одлуката за прогласување на 2008 година за Година на Рацин, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2007 година.

Број 0801-3113/2
13.07.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе

ОДЛУКА
за прогласување на 2008 година за Година на Рацин

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес 2008 година ја прогласува за Година на Рацин.

Член 2

Прогласувањето на 2008 година за Година на Рацин е по повод навршувањето 100 години од раѓањето и 65 години од смртта на Кочо Солев Рацин и 45 години од одржувањето на Културната манифестација „Рацинови средби“.

Член 3

За достојно обележување на Годината на Рацин Советот на Општина Велес ќе донесе посебна Програма.

За реализација на Програмата ќе се предвидат средства во Буџетот на Општина Велес за 2008 година, додека активностите по Програмата ќе бидат извршени од страна на општинската администрација.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3099/3
11.07.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

122.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање на користење на дел од недвижна ствар

Се објавува Одлуката за давање на користење на дел од недвижна ствар, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2007 година.

Број 0801-3113/3
13.07.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“бр. 12/06), а согласно Одлуката за давање намена на објекти („Сл.гласник на Општина Велес“бр.5/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење на дел од недвижна ствар

Член 1

Недвижната ствар - објект со вкупна површина од 2925 м2, на КП 5263 запишан во ИЛ 25825 за КО Велес е имот во сопственост на Општина Велес. Дел од овој објект, кат 2 од зграда 1 се дава на користење на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ Велес.

Член 2

Правото на користење на делот од недвижната ствар - објект утврден во член 1 на оваа Одлука ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ го добива од 01.08.2007 година.

Примопредавањето на делот од објектот на користење ќе се изврши со Комисија составена од членови на ООУ„ Јордан Хаџи Константинов Џинот “, ООУ „Благој Кирков“ досегашен корисник на објектот и Општина Велес, формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Член 3

ООУ„ Јордан Хаџи Константинов Џинот “ катот 2 од зградата ќе го користи за административни работи, а за спроведување на наставата ќе располага и користи простории од објектот (училници, кабинети, спортска сала и други заеднички простории), во зависност од распоредот за сменска настава.

Член 4

Заедничките простории од објектот ќе бидат користени во две смени, доколку во прва смена просториите ги користи ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“, во втора смена користењето на просториите ќе биде од страна на ООУ „Благој Кирков“ досегашен корисник на објектот и обратно.

Тековните трошоци за одржување на објектот, корисниците ќе ги подмируваат заеднички во еднакви делови.

Член 5

За редовна настава ООУ„ Јордан Хаџи Константинов Џинот “ ќе го користи инвентарот со кој располага, како и инвентарот во заедничките простории кој ќе биде затечен во објектот при извршувањето на примопредавањето.

Член 6

Со денот на добивањето на правото на користење на делот од објектот утврден во член 1 на оваа Одлука, на ООУ„ Јордан Хаџи Константинов Џинот “ му престанува правото на користење на недвижната ствар - објект што досега го користеше.

Член 7

ООУ„ Јордан Хаџи Константинов Џинот “е должен пред отпочнувањето со работа во овој објект да го истакне својот наслов на видно место од зградата.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3099/4
11.07.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

123.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар

Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижна ствар, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2007 година.

Број 0801-3113/4
13.07.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес”бр. 12/06), а согласно Одлуката за давање намена на објекти („Сл.гласник на Општина Велес”бр.5/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење на недвижна ствар

Член 1

Со оваа Одлука се дава на користење недвижната ствар - објект со површина под зграда 1 од 894м2, приземје од 825 м2 , подрумски простории од 76м2, и двор од 1838м2 на КП 2779 запишан во ИЛ 25825 за КО Велес, сопственост на Општина Велес.

Објектот се дава на користење на:

· Факултетот за туризам и организациони науки - Охрид при Универзитетот „ Св. Климент Охридски” – Битола и

· Техничкиот факултет од Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски” – Битола (во понатамошниот текст -корисниците).

Член 2

Корисниците со просториите од објектот утврден во член 1 на оваа Одлука ќе располагаат со по ½ идеален дел.

За начинот на користење на деловите од идеалната половина од објектот, корисниците ќе склучат меѓусебен договор, во кој ќе биде регулирано и подмирувањето на зедничките тековни трошоци за одржување на објектот.

Член 3

Правото на користење на недвижната ствар – објектот, корисниците го стекнуваат од 01.08.2007 година.

Примопредавањето на објектот на корисниците на начин како што е уредено во член 2 од оваа Одлука ќе се изврши со Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Комисијата ја сочинуваат три члена, од кои по еден од корисниците и еден од сопственикот.

Член 4

Објектот утврден во член 1 на оваа Одлука, сопственикот го дава на користење за период од 10 години.

За првите 5 (пет) години корисниците се ослободуваат од плаќање на паричен надомест за користење на објектот.

Во временскиот термин од овие 5 години корисниците можат да вршат инвестиции во објектот со цел подобрување на условите за работа (уредување на дворното место, замена на врати и прозорци, санирање на други делови, како и доградување или надградба), но со претходна согласност на сопственикот.

Член 5

Во периодот од шестата до десетата година на користење на објектот, корисниците ќе се задолжат со надоместок за користење, кој ќе биде утврден врз основа на цените на пазарот за овој вид на објекти.

Доколку корисниците извршат инвестициони зафати, согласно член 4, став 3 на оваа Одлука, за вложените средства ќе бидат ослободени од надоместок за користење.

Висината на вложените средства ќе биде утврдена врз основа на доставени проекти и предмер пресметки за кои претходна согласност дава сопственикот.

Член 6

За утврдување на висината на надоместокот од член 5 на оваа Одлука и начинот и рокот за ослободување од надоместок за користење, Советот на Општина Велес ќе донесе посебна Одлука.

Член 7

Од денот на примопредавањето на објектот, корисниците се должни да го користат објектот како добри домаќини според неговата намена.

Корисниците солидарно одговараат за штетата што ќе настане со неодговорно однесување и користење на објектот спротивно на став 1 од овој член.

Член 8

Корисниците се обврзуваат при користењето на објектот редовно да ги измируваат трошоците за тековното одржување (струја, вода, изнесување на сметот, и други трошоци).

Корисниците се согласни на барање на овластено лице од сопственикот да дозволат увид во доказите за измирени обврски, а во спротивно солидарно ќе одговараат за штетите настанати како последица од неплаќањето на трошоците предвидени во став 1 на овој член.

Член 9

Корисниците се должни заеднички да го осигураат објектот и да обезбедат лица кои се неопходни за одржување на објектот.

За секоја непредвидена опасност што би се заканила во текот на користењето на објектот, предизвикана од виша сила (поплави и др.) како и физички оштетувања на објектот, за претрпената штета одговараат заеднички корисниците.

Член 10

Корисниците не можат да го издаваат објектот во подзакуп на други физички или правни лица за вршење на друга дејност.

Член 11

Доколку се промени правниот статус на корисниците на објектот престанува да важи Одлуката за давање на користење на недвижна ствар.

Член 12

Правото на користење спрема корисникот ќе престане доколку:

-со правосилна судска одлука му се изрече забрана на вршење на дејност;

-престане да ја обавува дејноста во објектот за која е регистриран;

-ако не започне со обавување на дејноста во истата академска година во која е склучен договорот;

-ако не го користи објектот согласно намената или врши пренамена на објектот;

-доколку на несовесен начин нанесува штета на објектот;

-ако врши инвестициони вложување (градење и преградување) на објектот без согласност од сопственикот;

-ако навремено не ги извршува тековните обврски.

Член 13

Градоначалникот на Општина Велес со корисниците ќе склучи посебни договори за начинот на користење на објектот, во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски.

Член 14

Корисниците на објектот се должни пред отпочнувањето со работа во овој објект да го истакнат својот наслов на видно место од зградата.

Член 15

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3099/5
11.07.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

124.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за малолетничката деликвенција и преземени активности за нејзино попречување и елиминирање

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за малолетничката деликвенција и преземени активности за нејзино попречување и елиминирање, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2007 година.

Број 0801-3113/7
13.07.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за малолетничката деликвенција и преземени активности за нејзино попречување и елиминирање

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за малолетничката деликвенција и преземени активности за нејзино попречување и елиминирање.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3099/8
11.07.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

125.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за преземени мерки и активности по извршени кривични дела кражба и тешка кражба на метални предмети од инфраструктурни објекти

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за преземени мерки и активности по извршени кривични дела кражба и тешка кражба на метални предмети од инфраструктурни објекти, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2007 година.

Број 0801-3113/8
13.07.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за преземени мерки и активности по извршени кривични дела кражба и тешка кражба на метални предмети од инфраструктурни објекти

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за преземени мерки и активности по извршени кривични дела кражба и тешка кражба на метални предмети од инфраструктурни објекти.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3099/9
11.07.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

126.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за мерењето на индексот на капацитет на општините

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за мерењето на индексот на капацитет на општините, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2007 година.

Број 0801-3113/9
13.07.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за мерењето на индексот на капацитет на општините

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за мерењето на индексот на капацитет на општините.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3099/10
11.07.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Бр на акт **Страница**

120	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за не усвојување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов“ Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес**	**174**
	З А К Л У Ч О К за не усвојување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес	
121	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за прогласување на 2008 година за Година на Рацин**	**174**
	ОДЛУКА за прогласување на 2008 година за Година на Рацин	
122	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за давање на користење на дел од недвижна ствар**	
	О Д Л У К А за давање на користење на дел од недвижна ствар	
123	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар**	**175**
	О Д Л У К А за давање на користење на недвижна ствар	
124	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за малолетничката деликвенција и преземени активности за нејзино попречување и елиминирање**	**178**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за малолетничката деликвенција и преземени активности за нејзино попречување и елиминирање	
125	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за преземени мерки и активности по извршени кривични дела кражба и тешка кражба на метални предмети од инфраструктурни објекти**	**178**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за преземени мерки и активности по извршени кривични дела кражба и тешка кражба на метални предмети од инфраструктурни објекти	
126	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за мерењето на индексот на капацитет на општините**	**179**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за мерењето на индексот на капацитет на општините	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00